Пишува: Здравко БЛАЖИЌ

# СЕЌАВАЊА



ТОМА ВЛАДИМИРСКИ, ЖИВКО ФИРФОВ, ЗДРАВКО БЛАЖИЌ, ДИМЧЕ ТОДОРОВСКИ И ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ

(КАРИКАТУРА НА ВАСИЛИЕЦИЦО ПОПОВИЌ ОД 1944 ГОДИНА, ИЗРАБОТЕНА ВО СЕЛОТО Г. ВРАНОВЦИ КОЈА ДОСЕГА НЕ Е ОБЈАВЕНА)

# КАМЕН ТЕМЕЛНИК НА ЛИКОВНОТО ТВОРЕШТВО

# ЗДРАВКО БЛАЖИЌ, СЛИКАР И КОНЗЕРВАТОР ЗА ПРВИТЕ ПОЧЕТОЦИ НА ДРУШТВОТО НА ЛИКОВНИТЕ УМЕТНИЦИ НА МАКЕДОНИЈА И УМЕТНИЧКОТО УЧИЛИШТЕ ВО ГОРНО ВРАНОВЦИ

**Еден августовски ден во 1944 година добив писменце без потпис, дата и место од каде доаѓа. Кога ја прочитав содржината на писмото, доносителот ми даде натамошни упатства. Тоа беше порака да дојдам во селото Горно Врановци и да ги повикам другите другари од уметничкиот свет. Се наближуваше ослободувањето, позадинската работа стана помалку важна. Требаше да се организира почеток на нормален културен живот во скоро ослободената Македонија, да се изработат преднацрти за идното уметничко училиште, курсевите, да се формира здружение на ликовните и другите уметници. Ете тоа беше содржината на писменцето.**

НОРМАЛНО, по подготвувањата и договорите тргнавме со куририот кој не водеше преку Китка — низ најубавата дивина што дотогаш ја имав видено.

Тома Владимирски, Димче Тодоровски, Живко Фирфов, Трајко Прокопиев и јас, по ридиштата и козјите патеки за неполни два дена стигнуваме во селото Горно Врановци. Таму не пречекуваат Цицо Поповиќ, неуморниот Перо Коробар, Лилјана Чаловска, Веселинка Малинска и други. Ги најдовме и Славко Јаневски кој црташе страотни сцени од војната — плакати, потоа Јордан Грабуловски и Ачески, кои боцкаа некакви картончиња, што ќе послужат подоцна во печатницата наместо клишеа. Тука се создаваше „Нова Македонија“.

Во куќата каде што „одседнавме“, веќе работеше една група редактори, Блаже Конески, Поп Панде (така го викавме Панде Поповски) Аврам (Илија Топаловски) и други, додека ние во нашата собичка разговаравме за претстојните задачи. Тука е и Ангеле Ивановски кој љубоморно го чува својот шмајзер, па дури никому не му го дава ни да го погледне. Во „центарот“ на Врановци, во својата соба седи Ацо Шопов, зјапа во ѕидот и веројатно стихува. Од другата страна, Петре Богданов Кочко нашол слободно време па го исфрла „одвишокот“ на вошки од панталоните.

**Еден ден доживуваме и голема чест, не посетуваат највисоките раководители: генерал Темпо, Лазар Колишевски, генерал Илиќ и други. Не посетуваат нас, но Димче Тодоровски е главен. Ранет во главата (незнам да кажам како) и останат без очила, одвај успеваше да заграби копан од кокошката што сам ја зготви за ранетиот. Другарите раководители се интересираат за неговото здравје, а посебно за видот без очила. Беа потребни само два дена за Димче одново да „прогледа“, непогрешиво, кога е во прашање копанот. Очилата пристигнаа.**

Конечно дојде и денот за разделба од Горно Врановци. Д. Тодоровски, А. Ивановски и јас добиваме задача со селска кола ноќе да го пренесеме целиот потребен сликарски материјал за претстојниот митинг за село Богомила. Меѓутоа, уште не стигнавме, а веќе беше нареден покрет за ослободување на Битола. Малата групичка сликари подготвува проглас, огромни портрети и трибини за пречек на Главниот штаб. И уште додека се пронесуваа бурни поздрави до говорниците, АГИТПРОП добива нови задачи. Се оди за Прилеп. Се ближат деновиве на ослободувањето на Скопје. Го повикуваме Никола Мартиновски од Крушево каде што лежи болен. На 9—10 ноември ние петмина одржуваме прва основачка седница на Друштвото на ликовните уметници на Македонија. Овде се изработува преднацрт за организацијата на првата уметничка школа во Македонија. Се донесува одлука првин да се организира шестмесечен курс за цртање за предавачите во училиштата. Тука, во Прилеп беше удрен првиот темелник за целокупниот натамошен развој на ликовната уметност.

Тринаесетти ноември **1944**. Скопје е украсено со огромни портрети на нашите раководители, благодарејќи на снаодливоста на Перо Коробар и на оваа групичка сликари, на која и се придружува и еден воен пленик — италијанецот Д. Бафети. Без мрморење се работи со ентузијазам, елан и верба во подоброто. Ништо не се наплатува. Се работи и се мисли на преземената обврска — прво создавање на курс, доаѓаат нови сили, доаѓа Борко Лазевски, Вангел Коџоман, Лазар Личеноски Љубомир Белогаски, Димче Протуѓер и Димче Пандилов Работата пламти, цути. Младичи и девојки го завршуваат курсот, па некој оди за наставник, а некои продолжуваат во новооснованото училиште, а потоа и на академиите во Белград, Загреб и Љубљана. Трудот не беше напразен.